РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 30. 04. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Ор. Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 84 | | |

2112

**До**

**Општина Битола**

Предмет:-Барање на информација од јавен карактер:
Од:[redacted]

Почитувани,

На ден 31.12.2024 година во околу 10.00 часот на раскрсница од ул.Солунска и ул. Никола Тесла беше нападната и касната од куче скитник тужителката[redacted]

Предметниот настан е пријавен во Министерството за внатрешни работи, ПС од ОН Битола, а исто така тужителката се јавила во ЈЗУ Клинички Центар Трифун Пановски во Битола на понатамошно лекување, а поведен е и суски спор пред Основен суд Битола.

Од страна на тужителката, јас Адвокат [redacted] сум ангажиран за нејзин полномошник да ја застапувам во судска постапка за надомест на штета.

Поради потребите на судската постапка која што оштетениот ја води, потребно е да ми ги доставите следниве податоци:

**1.** Дали Општина Битола има склучено договор со ЈКП Комуналец Битола за доверување (пренесување) на надлежноста за собирање и третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња затекнати на јавни површини?

**1.** Дали Општина Битола има склучено договор со овластено трето правно лице за доверување (пренесување) на надлежноста за собирање и третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња затекнати на јавни површини?

**2.** Доколку постои склучен договор од точка 1 или 2, барам да ми доставите фотокопија од истиот;

**3.** Да ми доставите фотокопија од план/програма и одлука на Општина Битола за 2024 година која што се однесува на постапувањето со кучиња скитници и нерегистрирани кучиња, а која што била на сила на ден 31.12.2024 година;

**4.** Дали ЈКП Комуналец Битола е комунално претпријатие основано од Општина Битола?

Согласно **законот за адвокатурата**, член 3-а ст.1: „***Државните органи, <u>органите на единиците на локалната самоуправа</u>, како и правните и физичките лица кои имаат јавни овластувања, <u>должни се</u> на адвокатот во рок од осум дена да му ги дадат податоците и документите потребни во вршењето на адвокатската дејност во конкретен предмет, освен ако тоа не е во спротивност со должноста за чување на тајна согласно со закон***“.

Член 38 ст.1 од истиот закон: „***Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност, за сторен прекршок, ќе се изрече на правно лице, ако на адвокатот во определениот рок не му ги даде податоците и документите потребни во вршењето на адвокатската дејност, согласно со членот 3-а став (1) од овој закон***“.

Ст.2: „***Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, за сторен прекршок, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член***".

Ст.3: „***Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност, за сторен прекршок, ќе се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член***".

Поради горенаведеното, согласно член 3 – а од законот за адвокатурата и одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, го поднесувам ова барање и барам од Општина Битола во рок од 8 дена да ми ги издаде бараните податоци како би можел истите да ги употребам како доказ во судската постапка.

Молам бараните податоци да ми бидат доставени на адреса: [redacted]

Битола, За подносител,
29.04.2025 година [redacted]

[redacted]

**Прилог:-**Полномошно.

[redacted]

# П О Л Н О М О Ш Н О

[redacted] го овластува [redacted] да го застапува пред Основен суд Битола и Апелационен суд Битола, основ надомест на штета.

Полномошникот има право да ги презема сите дејствија предвидени согласно одредбите од ЗПП и ЗА.

Ова полномошно важи до откажувањето или отповикувањето.

Битола

Давател на полномошно,

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за правно нормативни работи

Бр.11-84/2
02.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-84/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

____________________

Примил:
02.05.2025

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-84/3
02.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-84/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примено
05.05.2025

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за правно - нормативни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 12. 05. 2025

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 84/4 | | |


Бр.10-сл./1
05.05.2025 год.
Битола

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Емилија Илиевска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-84/2 од 02.05.2025 година**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-84/1 од 30.04.2025год., од [redacted] од Битола, Ве известуваме дека во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци под точка 3 и тоа:

- Програма за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година, Бр.09-160/16 од 21.12.2023год.
- Заклучок за усвојување на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година на ЈП „Комуналец“Битола, Бр.09-48/5 од 03.06.2024год., и
- Програма за измена и дополнување на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на територијата на Општина Битола за 2024 година, Бр.09-134/11 од 08.11.2024год.

Во однос на точка 4 – ЈП Комуналец е комунално претпријатие основано од Советот на Општина Битола.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за недонесување на Програма за животна средина во Општина Битола за 2024 година

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за животна средина во Општина Битола за 2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.12.2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

**Вовед**

Во Програмата за хуман третман на бездомни кучиња на Општина Битола детално го обработува моделот на менацирање и решавање на проблемот со бездомните кучиња, преку воспоставување на систем за контрола на популација на кучиња согласно Законот за ветеринарно здравство (Сл.весник на РМ. бр. 123/15, 154/15 и 53/16), Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл.весник на РМ бр. 149/14, 149/15, 53/16 и 65/23) и Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник на РСМ, бр. 44 од 23.02.2021 година).

Во програмата за хуман третман се утврдуваат активностите кои ќе се спроведуваат на територија на Општина Битола кои се базираат врз националната законска рамка со голем осврт на активности кои ќе се воспостават за поттикнување на одговорно сопственишство кон домашните миленици.

Програмата е изработена врз основа на методот **„залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“** а целта е во примената на методата да бидат вклучени сите расположливи ресурси во рамките на Општина Битола.

Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект ќе се направи план за масовен хуман третман на бездомните кучиња во рамките на општината во период од 6-12 месеци. Се предвидува дека со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

1. **Основни цели на програмата**

Главната цел на програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Битола, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) Спроведување на стратегијата „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободно да се движат без присуство на сопственикот на јавна површина;

2) Зголемување на јавната свест преку адаптирање на информација и едукација за различни категории на граѓани, со цел на најсодветен начин според категоријата на која припаѓаат да им се претстави состојбата и начинот на решавање на проблемот со бездомните кучиња, преку медиумска активност, и различни организирани активности насочени кон зголемување на јавната свест со цел да се спречи изворот на нови единки на улица кои потекнуваат од домашните кучиња.

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на улични кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

*Образложение:*

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, идентификацијата, регистрацијата, вдомувањето или повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност на уличната популација на кучињата. Се превенираат несакани легла на нови кучиња, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат значително. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави, и се воспоставува контрола на теренот. Обележаните кучиња се познати на населението, ушната маркичка влева доверба кај граѓаните за здраво прегледано и третирано куче и овие кучиња имаат поголеми шанси да се вдомат. Кучињата вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишство и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови, стерилизирај, вакцинирај и врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската здравствена организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација/кастрација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување чипирање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, неселектирано казнување за неодговорните сопственици).

**3. Методи на работа**

1) „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ целта е методата да биде применета од страна на сите расположливи ресурси во рамките на Општина Битола, всушност оваа метода означува хуман третман на животните во кој е вклучено: заловување, ветеринарен преглед, тестирање за зоонози согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните донесена од Агенцијата за храна и ветеринарство (Лајшманиоза–акредитирана метода) стерилизација/кастрација, вакцинација, чипирање, обележување со ушна маркичка, третман за внатрешни и

надворешни паразити, спроведување на тест за социјализација на куче, отворена можност за вдомување според пропишана законска рамка, по што животните се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. При строго утврдени состојби согласно со закон може да се примени и евтаназија, при исцрпеност на сите предвидени можности за лекување, згрижување и вдомување на овие животни.

Според Програмата, освен бездомни ќе се заловуваат регистрирани и нерегистрирани кучиња на јавни површини, без сопственик. Во согласност со закон, заловувањето на регистрирани кучиња на јавни површини и сите трошоци што ќе произлезат одваквите дејства е на сметка на сопственикот на кучето.

Оваа метода на работа во овој момент е признаена од сите релевантни светски институции и се применува во земјите каде што има пораст на популацијата.

2). Втор метод на работа е зголемување на јавната свест.Општината ќе делува во насока за едукации предвидени за јавноста со цел зголемување на јавната свест за бездомните животни, преку едукативни настани, надворешни активности во соработка со средното земјоделско училиште, Факултетот за ветеринарна медицина, здруженијата и донатори.

**4. План за работа**

Општина Битола ќе работи со цел контрола на проблемот со бездомните кучиња до отворање на Прифатилиштето кое ќе биде база за решавање на проблемот.

Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект ќе се направи план за масовен хуман третман на бездомните кучиња во рамките на општината. Се предвидува дека со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

Во 2023 година Општина Битола спроведе проценка на популацијата на кучињата во рамките на општината согласно Законот и подзаконските акти од областа на благосостојбата на животните како и по препораките на WOAH (World organization for Animal Health), и по методологија предложена од ICAM (International coalition of animal management) според ова броење и мапирање на кучињата се заклучи дека во Град Битола има околу 750 улични кучиња, а во рамки на целата Општина Битола околу 1100 кучиња. Процентот на веќе третирани кучиња е околу 31%.

Приоритет и таргет на стерилизација се репродуктивно способните женки. Мониторингот на состојбата се се спроведува по методологија предложена од ICAM (International coalition of animal management) на полугодишен период или на квартален во зависност од расположивите на финансиски средства и човечки ресурси.

Престојот на кучињата е планиран во прифатилиште во кое ќе подлежат на хуман третман не подолг од 30 дена. Заловувањето на кучиња ќе биде на територијата на Општина Битола. Примарно ќе се таргетираат места со поголем ризик кои ќе имаат приоритет во делувањето (паркови, болници, гробишта, шеталиште, плоштади, училишта...).

- **Планирани активности**

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на општината опфаќаат:

- заловување на животните ,
- нивен транспорт до прифатилиштето или ветеринарно друштво,
- прием и преглед од овластен ветеринар,
- лабораториско испитување на животните на одредени болести во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните,
- идентификација и водење евиденција (чип и ушна маркичка) и ажурирање на Информацискиот систем на агенцијата за храна и ветеринарство,
- Спроведување на тест за социјализација на куче и понатамошни постапки со оние кучиња кои ќе бидат прогласени за опасни во согласност со Закон,
- овариохистеректомија и орхиектомија,
- постоперативно сместување, лекување и нега,
- вакцинација и дехелментација,
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето,
- повторно враќање на животните на локацијата од каде што биле заловени,

- евтаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по околината, доколку не се вдомат, а согласно позитивните законски прописи.

**5. Евалуација и мониторинг на популацијата на бездомни кучиња**

Општина Битола во 2023 година спроведе евалуација и мониторинг на бројот на бездомните кучиња каде се заклучи дека на ниво на општина има 1100 улични кучиња а во рамките на градот има околу 750 кучиња, од кои 30.95% се веќе тертирани, со овој мониторинг се воочи и состојбата на застапеност според пол, и се мереа и индикатори за благосостојбата на кучињата на улица.

Бројката на кучиња на должен километар е 2.22 кучиња што претставува висока популација на кучиња на должен километар. Околу 9% од кучињата кои се затекнати на улица без присуство на сопственик се со околувратник, што претставува процентуален поримерок на потврдено сопственички кучиња кои талкаат по улиците.

Должината на патеката која е помината во Општина Битола е 22.553км на која дестинација се детектирани 50 кучиња.

Од сите кучиња 16 се машки некастрирани, 12 се женски нестерилизирани, 6 се машки кастрирани, 7 се женски стерилизирани една е женка која е во лактација со мали кутриња и 6 се млади кутриња. 2 од кучињата имало потешкотии да се определи полот.

Генерално сите кучиња биле визуално во добра здравствена состојба.

Според спроведениот мониторинг се гледа дека за 2024 година доколку имаме цел да се таргетира третман на минимум од 75% од нетретираната популација на кучиња во рамките на 6 до 8 месеци се добива податокот дека треба да се целиме кон третман на 580 кучиња а за следниот циклус од 6 до 8 месеци треба да се таргетира 75% од преостанатата улична популација на кучиња. Да напомененеме дека во текот на првиот период е за очекување да се зголемува уличната популација на кучињата за определен процент поради природниот пораст односно репродуктивната способност на кучињата. Затоа треба да предвидиме дека за следниот период од 6 до 8 месеци ни останале околу 200 кучиња за третман со што за 2024 година вкупно треба да таргетираме околу 750 единки.

Мониторингот на периодично ниво во текот на 2024 година ќе ги содржи следните елементи:

- Број на кучиња на улица
- Број на вратени бездомни кучиња во одреден регион од општината
- Карактеристиката на таа популација на кучиња (раса, пол старост, година на третман, физички и здравствени карактеристики)
- Извори на храна, места на сместување - живеалишта

**6. Заловување и транспорт**

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата постапка која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на одговорните лица кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, да ги изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа операторот кој што ќе го спроведува заловувањето до отворање на прифатилиштето ќе биде мониториран од страна на Општински инспекторат.

Заловувачите кои ќе бидат ангажирани ќе имаат соодветни средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување, дувалки, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Приоритет за заловување ќе биде ставен на женските единки и пријавите за кучиња кои пројавиле агресија.

Транспортот од местото на заловување до прифатилиштето се врши со соодветни возила опремени со соодветна опрема за сместување на животните.

**7. Прифатилиште и медицински третман**

Секое заловено животно се носи во карантинскиот дел од прифатилиштето, по што се подложува на клинички преглед,

тестирање за болести (земање крв за испитување на Лајшманиоза), хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити од страна на ветеринарно друштво/а кое е ангажирано на јавна набавка за ветеринарно медицински третман, и потоа се прави трансфер во делот за вдомување. Секое животно се евидентира/регистрира во дата-база на податоци-ВИС АХВ, како и обележува (со ушна маркица по боја предвидена во Годишната наредба за здравствена заштита на животните и микрочип) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација; дехелминтизација; вакцинација; обележување со ушна маркица или микрочип) за секое животно е на товар на буџетот на Општина Битола.

**8. Стерилизација и кастрација (овариохистеректомија и орхиектомија)**

Стерилизација/кастрација е најефикасната мерка која спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популацијата. Исто така, воспоставува контрола врз репродукцијата кучињата со сопственици доколку се стимулира стерилизацијата кај сопственичките кучиња. Стерилизацијата на женските и кастрацијата на машките заловени несопственички животни се врши по детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се подложуваат на кастрација или стерилизација.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во постоперативниот дел каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските боксови во прифатилиштето, се врши редовно хранење и се под постојан ветеринарен надзор. Боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а на 6 месеци се врши задолжителна соодветна дератизација на целиот простор на прифатилиштето.

Животните обележани со ушна маркица кои не се вдомиле и за кои нема интерес да бидат вдомени најкасно за 30 дена од заловувањето се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

**9. Посвојување и вдомување**

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, и стерилизирани/кастрирани и да имаат микрочип.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни општината ќе соработува се со здруженијата за заштита на животни, активистите како и заинтересираните граѓани.

**10. Евтаназија**

Евтаназија може да се спроведе само и исклучиво како хумана евтаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда, кога состојбата е неизлечлива, и кога е невозможно да се елиминира болка. Во тој контекст, а во рамки на оваа Програма евтаназијата ќе се примени само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случаи кога станува збор за агресивно животно кое на тестот за социјализација е прогласено за опасно куче и во рок од 30 дена никој не пројавил интерес за негово вдомување, или куче заловено по пријава за каснување кое без причина нападнало човек и му нанело телесни повреди за кое во законски предвидениот рок исто така нема да се пријави вдомувач.

Одлуката за извршување евтаназија може да ја донесе само доктор по ветеринарна медицина со асистенција од ветеринарен техничар во согласност со горенаведеното со детално образложена аргументација на ваквиот чекор, во писмена форма.

Евтаназијата на кучињата се врши во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл. Весник бр. 149/14, 149/15, 53/16) и на начин и критериуми пропишани во Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор,

условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник бр. 44 од 23.02.2021 година).

**11. Изведувач на програмата**

**Годишната програма ќе ја реализира Општина Битола во соработка со Операторот избран на Јавна набавка до отпочнување со работа на прифатилиштето, кој ги исполнува условите за изведување на активностите согласно закон , а надзор на истата ќе врши Општинскиот инспекторат.**

**12. Финансирање на програмата**

Предвидените средства ќе се користат за реализација на Програмата до отпочнување со работа на прифатилиштето.

Цените за ветеринарниот третман предвидени со оваа Програма се дефинираат од најповолен понудувач, избран со јавна набавка.

Предвидени средства: 1.000.000,00 денари.

**13. Реализација на програмата**

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на годината која изминала.

**14. Завршни одредби**

- Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола;
- Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## ЗАКЛУЧОК
### за објавување на Заклучокот за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец” Битола за 2024 година

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец” Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.12.2023 година.

Бр. 08-1335/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2023 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22 став 1, точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
### за не усвојување на Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец” Битола за 2024 година

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Финансискиот план за работа на ЈП „Комуналец” Битола за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.12.2023 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

Се објавува Заклучокот за не усвојување Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на општина Битола во првиот квартал од 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 03.06.2024 година.

Бр. 08-516/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.06.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.61/04....244/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола ( „Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 03.06.2024 година донесе

## З А К Л У Ч О К
## за не усвојување Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2024 година

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-48/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.06.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година на ЈП „Комуналец" Битола

Се објавува Заклучокот за усвојување Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година на ЈП „Комуналец" Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 03.06.2024 година.

Бр. 08-516/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.06.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 7 став (3) од Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ" бр.95/12) и Законот за изменувањата и дополнувањата на Законот за комунални дејности (163/13, 42/14, 44/15 и 147/15), член 19 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96...275/19), член 28 став (3) од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.весник на РМ" бр.149/14, 149/15 и 53/16 и „Сл.весник на РСМ" бр.65/23), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), член 22 став 1, точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 03.06.2024 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година на ЈП „Комуналец" Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Битола за 2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Комуналец, Бр.03-21/93 од 23.05.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-48/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
03.06.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Општина Битола за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 08.11.2024 година.

Бр. 08-1158/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.11.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 08.11.2024 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за недонесување на Програма за измени и дополнување на Програмата за животната средина на Општина Битола за 2024 година

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Програма за измени и дополнување на Програмата за животната средина на Општина Битола за 2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-134/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.11.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на територијата на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програмата за измени и дополнување на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на територијата на Општина Битола за 2024 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 08.11.2024 година.

Бр. 08-1158/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.11.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 08.11.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на територијата на Општина Битола за 2024 година

1. Во Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на

Територијат на Општина Битола се врши измена и дополнување на финансиските средства согласно Ребалансот.

Имено, во Програмата за хуман третман и благосостојна на бездомните животни на територијата на Општина Битола за 2024 година средствата од 1.000.000,00 денари се надополнуваат со нови 437.881,00 денари.

Преглед на потребните финансиски средства од Буџетот на Општина Битола согласно Прва измена на Програма за хуман третман и благосостојна на животните на територијата на Општина Битола за 2024 година

| | | 426990 Р1 |
|---|---|---|
| 1. | Реализација на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на територија на Општина Битола | 1.437.881,00 денари |

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-134/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
08.11.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр. 03-сл од 09.05.2025 год.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 12. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 84/5 | | |

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Емилија Илиевска**

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-84/3 од 02.05.2025 година а кое се однесува на информации поврзани со кучиња скитници, односно информации поврзани со точка 1 од барањето, Ве известуваме за следното:

Од информациите со кои што се располага, Општина Битола има донесено Одлука за давање на стопанисување на Прифатилиште за сместување на бездомни и нерегистрирани кучиња „Хачико" на ЈП „Комуналец" Битола, бр. 09-44/4 од 22.05.2024 година, објавена во Службен гласник на Општина Битола бр. 6 од 27.05.2024 година, од која Ви доставуваме фотокопија во прилог на овој допис.

Што се однесува до другото барање од точка 1, по однос на склучување на договор со овластено трето правно лице за наведениот период, согласно моето работно место кое што не е надлежно за склучување на вакви договори, јас не располагам со такви информации дали има или нема склучен таков договор во тој период и ве упатувам да се обратите до надлежни лица кои ќе ви дадат официјален одговор за ваквото прашање.

Со почит,

Изготвил:
м-р Виктор Ивановски

**Одделение за комунални дејности**

**и уредување на градежно земјиште**

______________________

**Марјана Спасевска д.м.и.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за давање на стопанисување на Прифатилиште за сместување бездомни и нерегистрирани кучиња - „Хачико" на ЈП „Комуналец" Битола

Се објавува Одлуката за давање на стопанисување на Прифатилиште за сместување бездомни и нерегистрирани кучиња – „Хачико" на ЈП „Комуналец" Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 22.05.2024 година.

Бр. 08-475/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.05.2024 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), како и член 16 точка 4 и член 22 точка 36 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 22.05.2024 година, донесе

## ОДЛУКА
## за давање на стопанисување на Прифатилиште за сместување бездомни и нерегистрирани кучиња - „Хачико" на ЈП „Комуналец" Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се дава на стопанисување на ЈП „Комуналец" Битола Прифатилиште за сместување бездомни и нерегистрирани кучиња – „Хачико", застроено на следниот недвижен имот:

1) Недвижен имот заведен во Имотен лист бр. 71127, КП 541/2 КО Битола 5, во сопственост на Општина Битола.

### Член 2

Општина Битола има добиено Решение за одобрување на прифатилиште заведено со бр. УП-1 Бр. 10-4583 од 10.05.2024 година од Агенција за храна и ветеринарство.

Објектот заведен во Имотен Лист бр. 71127, КП 541/2, КО Битола 5, во сопственост на Општина Битола-одобрува како прифатилиште за сместување на бездомни кучиња со регистерски број БТ-ПК-0032.

### Член 3

ЈП „Комуналец" Битола се обврзува да стопанисува со прифатилиштето застроено на недвижниот имот опишан во членот 1 од оваа одлука како добар домаќин, при што ќе ги презема сите потребни активности заради одржување на истото.

Под стопанисување со прифатилиштето се подразбира:

- тековно одржување;
- подмирување на настанатите обврски по основ на комунални услуги (сметки за електрична енергија, вода, канализација и друго);
- водење на соодветна евиденција за стопанисувањето.
- ЈП „Комуналец" Битола има обврска да доставува годишен извештај за стопанисувањето со прифатилиштето до Советот на Општина Битола.

### Член 4

Правото на стопанисување со прифатилиштето застроено на недвижниот имот од членот 1 на оваа одлука се пренесува на неопределено време, со можност истото да биде одземено во секое време.

### Член 5

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-44/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.05.2024 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05,

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-84/6
12.05.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted]однесено на **30.04.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted]о барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-84/2025** од **30.04.2025 година**, каде бара информација за лице нападнато и каснато од куче, а е во врска со надлежноста за собирање и третман на кучиња скитници како и склучени договори за истите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барател[redacted]днесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-84/2025** од **30.04.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација:

1.Дали Општина Битола има склучено договор со ЈКП Комуналец Битола за доверување (пренесување) на надлежноста за собирање и третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња затекнати на јавни површини?

2.Дали Општина Битола има склучено договор со овластено трето правно лице за доверување (пренесување) на андлежноста за собирање и третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња затекнати на јавни површини?

3.Доколку постои склучен договор од точка 1 и 2, да се достави фотокопија од истиот.

4.Да се достави фотокопија од план/програма и одлука на Општина Битола за 2024 година која што се однесува на постапувањето со кучиња скитници и нерегистрирани кучиња, а која што била на сила на ден 31.12.2024 година

5.Дали ЈКП Комуналец Битола е комунално претпријатие основано од Општина Битола?

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-84/1 од 30.04.2025
2.Допис до Одделение за правно нормативни работи со бр.11-84/2 од 02.05.2025
3.Допис до Одделение за комунални дејности со бр.11-84/3 од 02.05.2025.
4.Одговор од Одделение за правно нормативни работи со бр.11-84/4 од 12.05.2025
5.Одговор од Одделение за комунални со бр.11-84/5 од 12.05.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 12.05.2025 година, под бр. 11-84/6.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА